РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 31.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5358/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Тони Јаревски
Жан Дрвошанов
Игор Здравковски
Лидија Петкоска
Бране Петрушевски

Предлагач: Група на пратеници

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ, по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

:

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 178/21, 154/25, 247/25 и 111/26 ) се уредуваат видовите, висината, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на инвестициите на деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Северна Македонија и истиот претставува шема на помош согласно прописите со кои се уредува контролата на државната помош.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е поттикнување на економскиот раст и развој во Република Северна Македонија преку поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на економијата на вработувањата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

**Член 1**

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 178/21, 154/25, 247/25 и 111/26), во членот 39 во ставот (2) по зборовите „најдоцна до 31 јули“ се додаваат зборовите „ ,како и до 4 септември“.

**Член 2**

Во член 40-а став (8) по зборовите „најдоцна до 31 јули“ се додават зборовите „ ,како и до 11 септември“.

**Член 3**

Во член 43 став (1) по зборовите „најдоцна до 31 август“ се додаваат со зборовите „ ,како и до 23 октомври“.

**Член 4**

Во член 43-а по зборовите „до 31 јули“ се додаваат зборовите „ ,како и до 11 септември“ а по зборовите „најдоцна до 31 август“ се додаваат зборовите „ ,како и до 23 октомври“ .

**Член 5**

Одредбите од член 1 од овој закон со кои се дополнува член 39 став (2) ќе се применуваат за договорите за доделување на финансиска поддршка по поднесени барања за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 15 јуни 2026 година.

**Член 6**

Одредбите од член 2 од овој закон со кои се дополнува член 40-а став (8) ќе се применуваат за Анексите на договорите за доделување на финансиска поддршка по поднесени барања за измена на договорите за доделување на финансиска поддршка на инвестициите до 31 мај 2026 година.

**Член 7**

Одредбите од член 3 од овој закон со кои се дополнува член 43 став (1) ќе се применуваат за деловните субјекти кои поднеле барање за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 15 јуни 2026 година или барање на измена на договор за доделување на финансиска поддршка до 31 мај 2026 година и склучиле договор за доделување на финансиска поддршка или Анекс на договор за доделување на финансиска поддршка до 11 септември 2026 година.

**Член 8**

Одредбите од член 4 од овој закон со кои се дополнува член 43-а ќе се применуваат за деловните субјекти  кои поднеле барање за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 15 јуни 2026 година или барање на  измена на договор за доделување на финансиска поддршка до 31 мај 2026 година и склучиле договор за доделување на финансиска поддршка или Анекс на договор  за доделување на фианансиска поддршка до 11 септември 2026 година.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции содржи 9 члена.

Со член 1 се продолжува рокот за склучување на договорите за финансиска поддршка, со додавање на нов краен рок до 4 септември, со цел непречено спроведување на постапката за доделување на финансиската поддршка.

Со член 2 се продолжува рокот за склучување на анексите на договорите за финансиска поддршка, со додавање на нов краен рок до 11 септември, со цел непречено спроведување на постапката.

Со член 3 се продолжува рокот за доставување на барањата за исплата на финансиската поддршка, со додавање на нов краен рок до 23 октомври, со цел непречено остварување на правото на финансиска поддршка.

Со член 4 се продолжуваат роковите утврдени во член 43-а, со додавање на нови крајни рокови до 11 септември и до 23 октомври, со цел обезбедување непречена исплата на финансиската поддршка.

Со член 5 се уредува примената на одредбите од член 1 од овој закон, кои ќе се применуваат за договорите за финансиска поддршка по поднесени барања до 15 јуни 2026 година.

Со член 6 се уредува примената на одредбите од член 2 од овој закон, кои ќе се применуваат за анексите на договорите за финансиска поддршка по поднесени барања за измена на договорите до 31 мај 2026 година.

Со член 7 се уредува примената на одредбите од член 3 од овој закон, кои ќе се применуваат за деловните субјекти кои ги исполниле условите утврдени со овој член и склучиле договор или анекс на договор за финансиска поддршка до 11 септември 2026 година.

Со член 8 се уредува примената на одредбите од член 4 од овој закон, кои ќе се применуваат за деловните субјекти кои ги исполниле условите утврдени со овој член и склучиле договор или анекс на договор за финансиска поддршка до 11 септември 2026 година.

Со член 9 се уредува влегувањето во сила на овој закон, односно се предвидува истиот да влезе во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ, КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

Член 39

(1) Министерството за економија и труд врз основа на Извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставува нацрт - договори за добивање согласност за доделување на финансиска поддршка.

(2) Договорите од ставот (1) на овој член се склучуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јули во тековната година, а во име на Владата на Република Северна Македонија ги потпишува министерот за економија и труд.

**Измена на договор за финансиска поддршка**

Член 40-а

(1) Договор за финансиска поддршка на инвестиции може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за проширување на обемот на финансиска поддршка преку доделување и на друг вид на финансиска поддршка од членот 14 од овој закон.

(2) Договор за финансиска поддршка на инвестиции може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за измена на минималниот износ на инвестиција и тоа истиот да се зголеми без ограничувања или да се намали, но не повеќе од 20% од вкупната вредност на инвестицискиот проект за кој е склучен Договорот за доделување на финансиска поддршка, освен за корисниците на финансиска поддршка од членот 22 од овој закон.

(3) Барањата од ставовите (1) и (2) на овој член деловниот субјект може да ги поднесе најдоцна до 31 мај во тековната година до Министерството за економија и труд.

(4) Периодот за кој се врши измена на договорот, не може да биде подолг од периодот за кој е склучен договорот за финансиска поддршка на инвестициите.

(5) Кон барањата од ставовите (1) и (2) на овој член се доставува документација утврдена во членот 37 став (2) од овој закон.

(6) Постапката за одлучување по барањата од ставовите (1) и (2) на овој член, се врши согласно со членот 38 од овој закон при што за одлучување по барањата од ставот (2) на овој член не се применуваат условите предвидени во членот 9 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон.

(7) Министерството за економија и труд, врз основа на Извештај на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, во рок од 15 дена од денот на добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставува нацрт - анекси на

договори за измена на договори за финансиска поддршка на инвестиции за добивање согласност.

(8) Анекс Договорите од ставот (7) на овој член се склучуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јули во тековната година, а во име на Владата на Република Северна Македонија ги потпишува министерот за економија и труд.

## Исплата на финансиска поддршка

Член 43

(1) Корисникот на финансиската поддршка најдоцна до 31 август во тековната година за исплата на средствата согласно со склучениот договор за финансиска поддршка доставува барање за исплата на финансиската поддршка со потребната документација до Министерството за економија и труд.

(2) Министерството за економија и труд го разгледува барањето за исплата на финансиската поддршка со потребната документација од ставот (1) на овој член и откако ќе утврди дека се исполнети условите за користење на финансиска поддршка предвидени во овој закон, изготвува Извештај со пресметка на одобрената финансиска поддршка врз основа на кој врши исплата.

(3) Формата и содржината на барањето за исплата на финансиска поддршка и потребната документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија и труд. (4) Видовите на оправдани инвестициски трошоци и начинот на спроведување на исплатата на финансиската поддршка ги пропишува министерот за економија и труд.

Член 43-а

Деловните субјекти кои ќе склучат договори за финансиска поддршка до 31 јули во тековната година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка за реализираните оправдани инвестициски трошоци, реализирани во претходната година согласно со овој закон, најдоцна до 31 август во тековната година.